МАКЕДОНСКИ БРОД

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **30.04.2020 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 4 – 2020 год.** |

АПРИЛ 2020

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/2003...4/17 пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.04.2020 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

**за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за I квартал за 2020 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на Општина Македонски Брод за прв квартал за 2020 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила на денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

**Број 18 – 315/3**

**30.04.2020 година**

**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а согласно со член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ” бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 22/18 и 101/2019), член 21 точка 32 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр. 02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17-пречистен текст), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.04.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

## за давање на времено користење на возило и приклучна механизација на ЈКП „Комунална хигиена”- Македонски Брод

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Македонски Брод на ЈКП „Комунална хигиена” - Македонски Брод му го пренесува правото на времено користење на возило и приклучна механизација, сопственост на општина Македонски Брод, со следните карактеристики:

- Трактор со кабина - Solis 75 4WD RX Индија, 4100 FLT-75 HP, бр.на мотор 4100TL83J783865, бр.на шасија KZHDG94452S3;
- Тракторска приколка - Tinaz 5t, 3YD-TD, бр.на шасија HEM098, сер.број HEM01098;
- Плуг за чистење на снег - Metal Technik (предна даска) 2600mm, сер.број 010569;
- Соларка - Agrex, XTL500, 350l, сер.број 53418;
- Метла за чистење на улици - Metal Technik, 2000mm, сер.број 010570;
- Моторна фреза за чистење снег - Hecht9661;
- Самоодна косачка - Hecht5176.

**Член 2**

Наведените подвижни ствари од членот 1 од оваа Одлука се даваат на времено користење за период од 2 години, без надоместок, за извршување на дејноста на ЈКП „Комунална хигиена” - Македонски Брод.

Тековните сервиси, одржувањето, како и сите останати трошоци произлезени од користењето, спаѓаат на терет на корисникот на подвижните ствари,

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

**Број 18-315/4**
**30.04.2020 година**
**Мак.Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за давање на времено користење на возило и приклучна механизација**

**на ЈКП „Комунална хигиена” - Македонски Брод**

Се објавува Одлука за давање на времено користење на возило и приклучна механизација на ЈКП „Комунална хигиена” - Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 35 - седница одржана на ден 30.04.2020 година.

**Бр. 08 – 315/ 6/1**

**30.04.2020 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02), а согласно со член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 22/18 и 101/2019), член 21 точка 32 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод" бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 - пречистен текст), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.04.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

**за давање на времено користење на подвижна ствар**
**на ЈП „Водовод и канализација" - Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Македонски Брод на ЈП „Водовод и канализација" - Македонски Брод му го пренесува правото на времено користење на Пумпа за одзатнување на канализации, сопственост на Општина Македонски Брод, со следните карактеристики:

-Пумпа за одзатнување на канализации - MINIJET AND HD30 RIONED

**Член 2**

Наведената подвижна ствар од членот 1 од оваа Одлука се дава на времено користење за период од 2 години, без надоместок, за извршување на дејноста на ЈП „Водовод и канализација" - Македонски Брод.

Тековните сервиси, одржувањето, како и сите останати трошоци произлезени од користењето, спаѓаат на терет на корисникот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод".

**Број 18-315/5** — **Совет на Општина Македонски Брод**
**30.04.2020 година** — **Претседател,**
**Мак.Брод** — **Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за давање на времено користење на подвижна ствар**

**на ЈП „Водовод и канализација” - Македонски Брод**

Се објавува Одлука за давање на времено користење на подвижна ствар на ЈП „Водовод и канализација” - Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 35 - седница одржана на ден 30.04.2020 година.

**Бр. 08 – 315/ 6/1**

**30.04.2020 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ 05/02) и член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03…4/17), Советот на општина Македонски Брод на 35 - седница одржана на ден 30.04.2020 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1. Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.04.2020 година согласно препораките од ТОЧКА 21 од Нацрт записникот од 47-та седница на Владата на РСМ за времено решавање на проблемот со отстранување на комуналниот отпад од Општина Кичево, а по информација на ЈКП „Комунална хигиена“, донесе ЗАКЛУЧОК дека капацитетот на депонијата Барбарос е мал и е проектиран за капацитет до 5 илјади жители, а согласно бројот на жители на Општина Македонски Брод истиот е исполнет и нема никаква можност истата да се користи за отстранување на комунален отпад од Општина Кичево.
   ЈКП „Комунална хигиена“ собира комунален отпад од 51 населени места на територијата на Општина Македонски Брод и истиот го транспортира до депонијата Барбарос.

   Овој Заклучок да се достави до Министерство за животна средина и просторно планирање на РСМ и ЈКП Кичево.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр. 18 - 315 /6**
**30.04.2020 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Заклучок по информација од МЖСПП за депонирање на комунален отпад**

Се објавува Заклучок по информација од МЖСПП за депонирање на комунален отпад, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 35 - седница одржана на ден 30.04.2020 година.

**Бр. 08 – 315/ 6/1**

**30.04.2020 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

**Службен гласник број 4 од 30.04.2020 година на Совет на општина Македонски Брод**

## С О Д Р Ж И Н А


Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на Општина Македонски Брод за I квартал за 2020 година ..................................................................... стр. 2

Одлука за давање на времено користење на возило и приклучна механизација на ЈКП „Комунална хигиена" - Македонски Брод ................................................................... стр. 3

Заклучок за објавување на Одлука за давање на времено користење на возило и приклучна механизација на ЈКП „Комунална хигиена" - Македонски Брод .................. стр .4

Одлука за давање на времено користење на подвижна ствар на ЈП „Водовод и канализација" – Македонски Брод ........................................................................................ стр. 5

Заклучок за објавување на Одлука за давање на времено користење на подвижна ствар на ЈП „Водовод и канализација" - Македонски Брод ............................................ стр. 6

Заклучок ................................................................................................................ стр. 7

Заклучок за објавување на Заклучок по информација од МЖСПП за депонирање на комунален отпад .......................................................................................................... стр. 8